**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-53/1**

**Скопје, 12.01.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „ВРУТОК„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Врутох за 2004 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Врутох за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Бајрам Ајрулаи, Градоначалник на општина Врутох од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 12.09. до 16.09.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
- Катица Николовска – Ревизор,
- Билјана Сурлевска - Ревизор, и
- Катерина Чаловска - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат

финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Не е покрената иницијатива ниту е извршено усогласување на актите за организација и работа и актите за систематизација на работните места согласно членовите 57, 58, 91 и 94 од Законот за локална самоуправа (Сл весник на РМ 5/2002), во законски утврдените рокови. Неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа и придонесува да неможе да се изврши пополнување на оптималните работни места неопходни за извршување на работите и задачите.

**Препорака:**

По овие наоди ревизијата не дава препорака од причини што е извршено припојување на општина Вруток кон општина Гостивар согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија ( Сл. Весник на РМ. број 55/04) .

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. При пренесување на средствата од Буџетот до Органот на Општина Вруток, средствата се пренесуваат без одредена намена, односно не се дотираат средстата според расходните сметки. Со тоа се губи можност за следење на наменското трошење на средствата од буџетот. На крајот на годината врз основа на направените расходи, дотацијата се раскнижува по соодветни расходни сметки.

**Препорака:**

Ревизијата по оваа точка не дава препорака од причина што со преминот кон трезорското работење оваа неправилност ќе се надмине а и од причина што со новиот Закон за територијалната организација на ЕЛС во Република Македонија, Општина Вруток е населено место на Општина Гостивар.

**10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.3.1. Ставката Трансфери од други нивоа на власт е потценета за износ од 1,255 илјади денари, за кој износ е потценет вишокот на приходи над расходи, поради невратените средства од сметката на Органот на сметката на Буџетот, согласно член 36 од Законот за буџетите. Невраќањето на средствата од сметката на Органот на сметката на Буџетот е поради непочитување на измените на законските прописи и придонесува за нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Да се почитуваат законските одредби од Законот за буџетите, непотрошените средства на сметка на органот на крајот на годината да се вратат на сметката на буџетот од каде ќе бидат повторно планирани со буџетот за наредната година.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е потценување на приходите и потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 1,255 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 10.3. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Вруток на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење кај Буџетот на општина Вруток е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 04.01.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**БУЏЕТ НА ЕЛС ВРУТОК**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 2,140 | 1,944 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 125 | 29 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 2,847 | 3,160 |
| **Вкупно приходи** | | **5,112** | **5,133** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 2,244 | 2,352 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 1,970 | 256 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 295 | 25 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4,509** | **2,633** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 466 | 1,918 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **466** | **1,918** |
| **Вкупно расходи** | | **4,975** | **4,551** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **137** | **582** |

**БУЏЕТ НА ЕЛС ВРУТОК**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | **137** | 582 |
| **Вкупно тековни средства** | | **137** | **582** |
| **Вкупна актива** | | **137** | **582** |
| **Пасива** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | **137** | 582 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **137** | **582** |
| **Вкупна пасива** | | **137** | **582** |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*